До:
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
ул.„Васко Карангелески“ бр.8, Скопје
Касарна „Гоце Делчев“
(02) 3299-820
(02) 3299-829
службено лице:
Даниел Тренчов
(02) 3299-823
e-mail: d.trenchov@dbki.gov.mk
sloboden.pristap@dbki.gov.mk
direkcija@dbki.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Скопје-Shkup

| Примено-Pranuar | 10.09.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица Nje.organ | Бр.-Nr. | Прилог-Shtojcë | Вредност-Vlerë |
| 03 | 293/1 | | |

Архивски знак: ________ год.
Рок на чување ________ години
Потпис: ________

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме за одговор како буџетски корисник од прв ред, за буџетска 2020 година а како резултат на Ковид-19 ефектите дали:

1) Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:

   Дали сте барале и користеле од ***постојаната*** буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

   Дали истите се зголемиле со ***прераспределба***, за вас како буџетски корисник, ако да во која висина?

   Дали сте барале и користеле од ***тековната*** буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

2) Дали како резултат на пандемијата со Ковид-19 како буџетски корисник од прв ред,

сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените“ постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да ве молиме наведете за што, и во која висина? Каква постапка е користена?

3) Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултата на Ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил** ____________________
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Скопје, 10.09.2020 година**

____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Slagjana Bozhinovska**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | четврток, 10 септември 2020 12:03 |
| **To:** | d.trenchov@dbki.gov.mk; sloboden.pristap@dbki.gov.mk; direkcija@dbki.gov.mk |
| **Subject:** | Барање за информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | [redacted] |

Почитувани,

[redacted] има потреба од информации од јавен карактер.

За таа цел, во прилог Ви испраќаме Барање за информации од јавен карактер.

Благодариме.

--

[redacted]

Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 03 - 293/2
24. 09. 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Дирекција за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ УВАЖУВА барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] со адреса на [redacted] со емаил адреса [redacted] и со застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted], со [redacted], поднесено по емаил на ден 10. 09. 2020 година а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-293/1 од 10.09. 2020 година.

2. Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во својство на имател на информацијата од јавен карактер сврзана со користењето на буџетските средства на Дирекцијата за буџетската 2020 година а како резултат на Ковид-19 ефектите, позитивно одговара на барањето на [redacted] поднесено по емаил на ден 10. 09. 2020 година а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-293/1 од 10.09. 2020 година.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот, [redacted], со генералии како во диспозитивот на решението, поднесе барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за пристап до информации од јавен карактер сврзана со користењето

на буџетски средства на Дирекцијата за буџетската 2020 година како резултат на Ковид-19 ефектите, евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-293/1 од 10.09. 2020 година.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации го разгледа барањето и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) со овозможување пристап до бараните информации.

Врз основа на евиденцијата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за буџетските трошења за буџетската 2020 година заклучно со 31. 08. 2020 година, Дирекцијата ниту барала, ниту користела средства од постојаната и тековна резерва за справување со ефектите од Ковид-19 кризата, т.е., не барала и не користела средства од постојаната буџетска резерва, не се зголемиле средствата со прераспределба и не барала и не користела средства од тековната буџетска резерва. Дополнително, Дирекцијата не вршела никакви јавни набавки за горенаведената намена и не користела други механизми за распределба и трошења на буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултат на Ковид-19.

Согласно барањето на поднесено по емаил на 10. 09. 2020 година а евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-293/1 од 10.09. 2020 година, за формата и начинот на доставување на информацијата, му се овозможува на запознавање со информцијата од јавен карактер сврзана со користењето на буџетските средства на Дирекцијата за буџетската 2020 година заклучно со 31. 08. 2020 година, а како резултат на Ковид-19 ефектите, содржана во *Образложението* на ова решение, **во електронски запис**.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер .

**Директор**
Стојан Славески

Подготвил: Даниел Тренчов

Доставено до:
- Барателот - (по емаил)
- Архива на ДБКИ